**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I бр. 25-44
07 03 17 . 02. 2017 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето поднесено од Автосообраќајниот училишен центар БОРО ПЕТРУШЕВСКИ Скопје и Предлогот за овластување за техничка служба со број 1609-1555/5 од 20.01.2017 година, доставен од органот за одобрување, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. **СЕ ОВЛАСТУВА Автосообраќајниот училишен центар БОРО ПЕТРУШЕВСКИ Скопје**, за вршење на работи на техничка служба, во инспекциското место „ЦИВ1-АСУЦ" Скопје, лоцирано на булевар „Едвард Кардељ" број 256, Автокоманда Скопје, за следните постапки:

а) **Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, R, S и C**, согласно член 2 став 1 и член 2 став 3 алинеја 1, 3 и 4 (за преправки опфатени во точката б од ова решение) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на РМ" бр.21/10);

б) **Одобрување на преправено возило** согласно член 7 точка 1, 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

в) **идентификација и оцена на техничката состојба на мобилни машини во делот кој се однесува на опасностите кои произлегуваат од нивната мобилност**, согласно Законот за возила; член 11-б од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.106/16); член 3 став (1) алинеја 3 и член 21 став (4) од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.182/16).

2. Со влегува во сила на ова решение, престанува да важи Решението со УП I број 25-82 од 21.09.2015 година.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Автосообраќајниот училишен центар БОРО ПЕТРУШЕВСКИ Скопје, поднесе барање за донесување на Решение за овластување за вршење на работи на техничка служба, заведено под број УП I 25-44 од 31.01.2016 година и кон барањето се поднесени следните документи:

- Доказ за упис во Централниот регистар на Ребулика Македонија, Тековна состојба со број 0805-50/150120160048506 од 10.8.2016 година;
- Доказ за вработен стручен кадар и докази за стручна подготовка, копии од обрасци М1/М2 за вработениот стручен кадар во редовен работен однос кај правното лице согласно обемот и задачите кои ќе ги врши правното лице наведени во опсегот на акредитација.
- Имотен лист број: 68078 ПРЕПИС, Катастарска општина: МАЏАРИ, Архивски број 1105-114500/2016 од 18.07.2016 година; Имотен лист број: 65872 ПРЕПИС, Катастарска општина: МАЏАРИ, Архивски број 1105-114496/2016 од 18.07.2016 година;
- Доказ за техничка опременост-Извештај со број 040/16 од извршена калибрација, проверка на исправност или контрола на мерилата и контролните уреди во станиците за технички преглед на моторни и приклучни возила издаден на основ на овластувањето број 165/667/2 од Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност-Сектор за сообраќајни работи. Доказ за техничка опременост-Извештај со број 040/16 е издаден од ДПС ДООЕЛ Аутоинструмент од 19.07.2016 година;
- Доказ за осигурување од професионална одговорност, Полиса бр.130000004291 од А.Д. ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА со важност до 01.12.2017 година;
- Доказ за позитивен бонитет-Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех издаден од Централен Регистар на Република Македонија со број 0904-50/150120160067832, Скопје на ден 9.11.2016 година;
- Копија заверена на нотар од Сертификатот за акредитација на инспекциско тело со број ИТ-052 од 20.07.2011 година и неговиот Прилог кон Сертификатот за акредитација од 05.10.2016 година издаден од страна на Институтот за Акредитација на Република Македонија,
- Уплатница за уплатена административна такса во износ од 2.000,00 денари, по тарифен број 101, на образец ПП50, согласно член 37 од Законот за административни такси

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање, согласно член 56 став (1), до органот за одобрување го препрати поднесеното барање и воедно побара органот за одобрување да се произнесе по истото, односно ако се исполнети сите услови да достави предлог за овластување.

Органот за одобрување, по спроведената постапка, до Министерството за економија, за Автосообраќајниот училишен центар БОРО ПЕТРУШЕВСКИ Скопје, достави Предлог за овластување за техничка служба со бр.1609-1555/5 од 21.01.2017 година.

Министерството за економија изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови,

самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10) и утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е уплатена, залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Driton Kuqi